Број: 11 - 4906/3
Датум: 05.07.2024
Скопје

Врз основа на член 22, став 1, точка 5 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02), а во врска со точка 1.Карпошово културно лето 2024 од програмата за активностите на Општина Карпош во областа на културата за 2024 година (Службен гласник на Општина Карпош бр.16/2023, 03/2024), Одлуката за објавување на оглас за Карпошово културно лето 2024 бр. 11 - 4906/2 од 03.07.2024 година и Решение за верификација – именување членови на Советот на Општина Карпош за членови во комисијата за Карпошово културно лето 2024, Еднократна финансиска поддршка за културни активности и Финансиска поддршка за проекти од културата за 2024 година со бр. 11-108/14 од 09.01.2024 година (Службен гласник на Општина Карпош бр. 2/2024), Комисијата за Карпошово културно лето 2024, објавува

# ЈАВЕН ОГЛАС
## за реализација на Карпошово културно лето 2024

1. Целта на манифестацијата е културно и забавно анимирање на жителите од Општина Карпош во текот на летниот период. Програмата на културното лето треба да го изрази културниот и уметничкиот потенцијал на Општината, како и да овозможи содржини за забава на сите генерации.

2. Вкупната предвидена финансиска рамка за реализација на програмската активност е во износ од 2.500.000,00 денари, предвидена во Буџетот на Општина Карпош за 2024 година.
   Вкупната финансиска рамка треба да ги покрие сите предвидени трошоци, како што се: организациски трошоци, надомест за учесниците, техничка опрема, рекламен материјал и други непредвидени трошоци.

3. Право на учество за аплицирање на Јавниот оглас за Карпошово културно лето 2024 имаат сите заинтересирани уметници, правни и физички лица на територијата на целата држава. Пријавата на огласот треба да содржи:
   - Барање до Општина Карпош за финансирање настан во рамките на манифестацијата Карпошово културно лето 2024
   - Краток опис и агенда за настанот

- Биографии или портфолио за изведувачите, односно учесниците во предложениот проект
- Детална финансиска конструкција и ставки кои се бараат за финансирање од Општината
- Тековна состојба од Централен регистар (за правни лица), не постара од 3 месеци

4. Јавниот оглас се објавува во електронска форма на веб страницата на Општина Карпош.

5. Периодот на реализација помеѓу 19.08.2024 година и 27.08.2024 година.

Начин на пријавување:

Заинтересираните физички и правни лица да ги поднесат потребните документи во затворен плик во Архивата на Општина Карпош (барака 2) или по пошта на улица „Радика“ бр.9, со назнака за „Карпошово културно лето 2024“ заклучно со 25.07.2024 година, до 15.30 часот.

Комисијата го задржува правото да покани учесници за кои ќе процени дека одговараат за потребите на овој настан.

КОМИСИЈАТА ЗА
КАРПОШОВО КУЛТУРНО ЛЕТО 2024

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -901, 02/3055 -902*
*www.karpos.gov.mk;*